Бр./Nr 12-353/2
04-05-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-353/1 од 15.01.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и фалсификување на службени исправи од страна на в.д директор на ЈУ Детска градинка „---------------------------" -------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за постапување во предметот, поради тоа што постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-353/1 од 15.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.01.2026 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и фалсификување на службени исправи од страна на в.д директор на ЈУ Детска градинка „-------------------------------" – -----------, ----------------- --------------.

Видливо во пријавата е дека пријавените наводи имаат обележја на кривични дела кои се утврдени и санкционирани со Кривичниот Законик, а истите подносителот ги пријавил и во Основното јавно обвинителство – -----------------.

Имајќи го предвид горенаведеното и постапувајќи по пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што постапува друг надлежен орган а тоа е Основното јавно обвинителство - ----------------.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk